*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Уп1Бр. 18/24-182*
*11.09.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина ШТИП и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 Штип со Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година, од Советот на Општина Штип, Градоначалникот на Општина Штип го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на р.ОТИЊЕ, на запад по осовина на ул. Тодор Коларов, на југ по осовина на ул.Сутлак до мултимедијален центар Киро Глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на ул.Генерал Михајло Апостолски, Општина Штип**

Границите на опфатот се движат по:

- на север по осовина на река Отиње
- на запад по осовина на ул.„Тодор Коларов“
- на исток по граница на наменски зони и осовина на крак на ул.„Генерал Михајло Апостолски“
- на југ по осовина на ул.„Сутлак“ до мултимедијален центар „Киро Глигоров“

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 33436,94m2.

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02 со плански опфат: на север по осовина на р.ОТИЊЕ, на запад по осовина на ул. Тодор Коларов, на југ по осовина на ул.Сутлак до мултимедијален центар Киро Глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на ул.Генерал Михајло Апостолски, Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Предлог

планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 1 октомври 2024 (вторник) до 30 октомври 2024 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 15 окомври (среда) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

**Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.**

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*